ОПШТИНА ПРОБИШТИП ОБЈАВА БР.10
За продажба на недвижни ствари во сопственост на
Општина Пробиштип по пат на електронско јавно наддавање

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање согласно Одлуката на Советот на општина Пробиштип бр.26-239/8 од 15.03.2017 година, се следните недвижни ствари :

**Зграда на стара бензинска пумпа на КП бр. 1017/1 на ул.„Миро Барага“ бб зграда 1 влез 1 на приземје со намена Б4-6 други деловни простори во површина од 86 м2 евидентирана во Имотен лист 4748 за КО Пробиштип со утврдена пазарна вредност од 1.693.233,00 денари.**

РОКОВИ

Рок за поднесување на пријавите со другата потребна документација во прилог се доставуваат најдоцна до **17.07 2017 година** на интернет страницата e-aukcii.probistip.gov.mk

Електронското јавно наддавање ќе се оджи на ден **19.07.2017** година .

НАЧИН ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање со другата пропратна докуманетација се доставуваат електронски на интернет страницата e-aukcii.probistip.gov.mk

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Пријавите се поднесуват електронски на интернет страницата e-aukcii.probistip.gov.mk на пропишан образец. Во електронската пријава се наведуват податоци за недвижноста за која се пријавува кандидатот, податоци за подносителот на пријавата, податоци за трансакциска или жиро сметка на која треба да се врати депозитот за учество во јавното наддавање.

Секој подносител скенирано ги доставува следните докази (а потоа истите се доставуваат во оригинал или фотокопии заверени на нотар) :

- Пријава
- Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижноста,
- За физички лица уверение за државјанство,
- За домашни правни лица доказ за регистрација на правното лице од соодветниот регистар (тековна состојба не постара од 6 месеци),
- Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството одговорно лице на правното лице,
- E-mail адреса на подносителот на пријавата преку која ќе се врши постапката за регистирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и лозинка за пристап на интернет страницата на која ќе се одвива јавното наддавање,
- Изјава за прифаќање на условите во објавата.

Странски физички и правни лица резиденти на држави членки на ЕУ и на ОЕЦД можат да стекнат право на сопственост на зградите предмет на

продажба по оваа објава , под исти услови како и државјаните на РМ а за другите кои се резиденти на држави кои не се членки на ЕУ и на ОЕЦД можат да стекнат сопственост на зградите предмет на продажба по оваа објава како и државјаните на РМ под исти услови на реципроцитет.
Пријавата со потребните документи и банкарската гаранција во оригинал се доставуваат до општина Пробиштип и во писмена форма на адреса на: Општина Пробиштип ул.„Јаким Стојковски“ бр.1 2210 Пробиштип.

ВРЕМЕ НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддавање ќе се одржи на ден **19.07.2017** година **во 12,00 часот и ќе трае 30 минути**

ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

За недвижните ствари предмет на јавното наддавање можат да се пријават за учество сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на недвижни ствари на територијата на Република Македонија согласно со закон и кои ги исполнуваат условите од објавата.

НАЧИН И ПОСТАПКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Сите заинтереирани правни и физички лица доставуваат пријава до Комисијата која комплетните пријави согласно условите во објавата ги пријавува во електронскиот систем за јавно надддавање на општина Пробиштип на интернет страницата e-aukcii.probistip.gov.mk . На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата во рок од три дена од денот на доставувањето на пријавите по електронски пат им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифрата за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање.

Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржување на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.

Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на недвижната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемат цената на недвижата ствар.

Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата , односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање , вредноста на недвижната ствар се намалува за 2% по што учесниците на јавното наддавање повторно ке имаат можност да ја прифатат, односно зголемуваат цената на недвижната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување.Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата , односно дадена е повисока понуда , крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути , а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку во времетраење од пет минути повторно нема понуда, вредноста на недвижната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на недвижната ствар.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на постапката за јавно наддавање, е должен да ги уплати средствата во целиот износ постигнат на јавнотото наддавање, а доколку не ги уплати во овој рок, нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ке биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната недвижна ствар.

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, и уплата на купопродажната цена со најповолниот понудувач, во рок од пет работни дена, Општина Пробиштип сопственик на недвижноста склучува договор за продажба на недвижната ствар. На договорот за продажба на недвижната ствар соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Договорот за продажба на недвижната ствар се склучува во писмена форма.

По склучувањето на договорот купувачот во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

Трошоците за солемнизација на договорот и спроведувањење во евиденција на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности паѓа на товар на купувачот на недвижноста.

Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот.

Против решението од Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Објавата ќе се објави на Веб страницата на општина Пробиштип www.probistip.gov.mk.

Јавното наддавање ќе се врши на следната интернет страница
e-aukcii.probistip.gov.mk

Комисија за продажба на недвижни ствари

1.Невенка Нотевска Претседател__________________,
2.Анкица Ѓеновска член ____________________________,
3.Ранко Давитков-член_____________________________,